**20120631797**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и член 9 став 1 б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („“Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009,67/2009 и 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 5 април 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2007, 104/2007, 151/2007, 22/2008, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011 и 42/2012), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 1 за лековите од колоната 7 (режим на пропишување) за кои е предвидено дека се применуваат во болнички услови, во колоната 6 со која се означува јачината на лекот се бришат назначените јачини и се заменуваат со кратенката „СРЈ“ (сите регистрирани јачини).

Член 2

Во членот 1 од Листата на лекови, во колоната 5 (фармацевтска дозажна форма) се врши дополнување за следните лекови:

- во АТС кодот A12BA01 - „ Potassium chloride - Таблети 500mg“ во колоната 5 – “Фармацевтска дозажна форма”, после „ Таблети” се додава „Таблети за перорален раствор“;
- во АТС кодот N03AX11 - „ Topiramate - Таблети СРЈ“ во колоната 5 –“Фармацевтска дозажна форма”, после „ Таблети” се додава „ Обложени таблети/ Филм обложени таблети “;
- во АТС кодот L04AX02 -„Thalidomide - Таблети 100mg “ во колоната 5 – “Фармацевтска дозажна форма”, после „ Таблети” се додава се додава „Обложени таблети/ Филм обложени таблети “;
- во АТС кодот N06AB03 - „Fluoxetine - Капсули 20 mg“ во колоната 5 –“Фармацевтска дозажна форма”, после „ Капсули” се додава „ Таблети /Обложени таблети/ Филм обложени таблети“;
- во АТС кодот N06AX16 - „ Venlafaxine - Таблети СРЈ “ во - колоната 5 – “Фармацевтска дозажна форма”, после „ Таблети” се додава се додава „Обложени таблети/ Филм обложени таблети “;
- во АТС кодот V03AC02 -„Deferiprone - Таблети 500mg “ во колоната 5 – “Фармацевтска дозажна форма”, после „ Таблети” се додава се додава „Обложени таблети/ Филм обложени таблети “

Член 3

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

Фондот надоместува средства за лекови од член 1 од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои се набавени од странство, за кои во колоната 6 стои кратенката „СРЈ“ (сите регистрирани јачини) само во следниот случај:

- кога лекот има одобрение за промет во Република Македонија, но е набавен од странство по цена пониска од референтната цена на ФЗОМ.

Член 4

Се овластува стручната служба на Фондот да изготви пречистен текст на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Бр. 02-5573/34
5 април 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Јован Грповски,** с.р.